**ЗАПИСНИК**
**од 3–та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 02.02.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скрелев Чакар, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно, (гласањето на г-дин Јанчески поради технички причини со видео конекцијата беше аудио потврдено) го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н    Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 28.01.2021 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.01.2021 година.
3. Предлог-правилник за измена на Правилникот за бруто плата (согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот објавена во (Службен весник на РСМ, бр.21/21).
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од прво продолжение на 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 28.01.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.01.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ го образложи Предлог-правилникот за измена на Правилникот за бруто плата (согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот објавена во (Службен весник на РСМ, бр.21/21). Објасни дека станува збор за измена на вредноста на бодот и тој се коригира за 1,2% колку што изнесуваше порастот на цените во изминатата година според последното соопштение на Заводот за статистика. Претходно бодот на Агенцијата изнесуваше 80,64 денари, а сега предложената нова вредност е 81,6 денари. Таквата одлука ја донесе државата, на државните службеници да им се зголеми бодот. Условно кажано, на пример покачувањето на платата на Агенцијата, за сите 55 вработени, би се зголемило за 45 илјади денари во бруто износ.

Г-дин Петрушевски констатира дека тоа би било бруто за секој вработен по 700-800 денари, а пресметано во нето ќе се добие по 500 денари.

Г-дин Фетаи го поздрави зголемувањето на бодот, како што рече овој позитивен тренд на зголемување на платата на вработените. Мислел дека ова зголемување е поголемо, но рече сепак нека се движи напред, со оглед на целокупните работи во општеството, трошоците и слично. Знае дека вработените имаат големи трошоци како и членовите на Советот. Повторно го поздрави повисокиот бод и посака во иднина да биде зголемувањето на платите повисоко и директорот да ја разгледа таа можност.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Ајдини поради технички причини со видео конекцијата беше аудио потврдено) донесе Правилник за измена на Правилникот за бруто плата (согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот објавена во (Службен весник на РСМ, бр.21/21), со текст како што беше предложен.

Во Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-579/1 од 23.01.2015 година, арх.бр.01-3601/1 од 22.05.2015 година, арх.бр.01-3844/2 од 29.12.2015 година, арх.бр.01-3257/1 од 12.07.2018 година, арх.бр.01-5095/1 од 23.11.2018 година, арх.бр.01-369/1 од 25.01.2019 година и арх.бр.01-990/2 од 29.11.2019 година, во глава „IV.ВИСИНА НА БРУТО ПЛАТА", во член 12 зборовите „80,64 денари", се заменуваат со зборовите: „81,6 денари".

Правилникот за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува со исплата на плата за месец јануари 2021 година и ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-381/3**
**08.02 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**